# Трет Балкански семинар за телемедицина и е-здравство




На 6 и 7 февруари 2009, во Скопје, се одржа Третиот балкански семинар за телемедицина и е-здравство. Семинарот е организиран од Министерството за здравство на Република Македонија и Интернационалната виртуелна Е-болница, која е под покровителство на Сојузното биро за образование на САД.

Во рамките на програмата на семинарот се демонстрирани можностите за поврзување со соодветните телемедицински центри од нашето соседство, Европа и САД и конкретни примери за функционирањето на обезбедувањето на здравствена услуга на далечина.

Семинарот официјално го отвори министерот за здравство д-р Бујар Османи со пригодно обраќање и воведен говор на д-р Рифат Љатифи, професор по клиничка хирургија на Универзитетот во Аризона, директор на Хируршка интензивна нега и директор на телемедицина при Универзитетскиот медицински центар во Туксон, Аризона.

Предавачите на семинарот се врвни експерти во телемедицината и во нивните клинички и вонклинички специјалности.

Третиот балкански семинар за телемедицина и е-здравство е организиран во текот на два дена (6 и 7 февруари) во осум тематски групирани сесии:

**Прв ден 6.02.2009**

***Сесија: Запознавање на основите на телемедицина, е-здравство и модерна Е-библиотека***

*Модератори: Стеинар Педерсен, Ремзи Изаири*

- Телемедицината и е-здравството во модерната медицинска практика: Вовед, презентер д-р Рифат Љатифи, професор по клиничка хирургија на Универзитетот во Аризона, директор на Хируршка интензивна нега и директор на телемедицина при Универзитетскиот медицински центар во Туксон, Аризона
- Што е потребно за успешна телемедицинска консултација и телемедицинска програма, презентер м-р Чарлс Дорн, експертски истражувач на Универзитетот во Синсинати, САД, главен и одговорен уредник на списанијата телемедицина и Е-здравство

***Сесија: Технологија, образование и истражување***

*Модератори:Георги Грачев, Кадри Хаџихамза*

- Современи технологии, Презентер м-р Чарлс Дорн, експертски истражувач на Универзитетот во Синсинати, САД, главен и одговорен уредник на списанијата телемедицина и Е-здравство
- Телемедицинско присуство, телемониторинг и програми за континуирана едукација, Презентер (преку видео) д-р Ендру Р. Вотсон, професор по хирургија на Универзитетот во Питсбург, директор на програмите за телемедицина на Катедрата за хирургија на Универзитетот во Питсбург
- Истражувачкиот аспект на телемедицината: Потреба од континуирано усовршување, презентер д-р Стеинар Педерсен, основач на Катедрата за телемедицина при Универзитетската болница во Тромс, Норвешка

***Сесија: Телемедицината во менаџирањето на траумите, итните состојби и елементарните катастрофи***

*Модератори: Дејвид Лам, Владимир Поповски*

- Телемедицината во трауматологијата и ургентните состојби, презентер д-р Рифат Љатифи, професор по клиничка хирургија на Универзитетот во Аризона, директор на Хируршка интензивна нега и директор на телемедицина при Универзитетскиот медицински центар во Туксон, Аризона
- Телемедицина во менаџирањето на елементарните катастрофи, презентер (преку видео) д-р Роналд Мерел, Конзорциум за технолошки и информатички апликации за медицина (КТИАМ), Партнерски центар за истражувања при Владиниот универзитет во Вирџинија (ВУВ)

***Сесија: Нови хоризонти на телемедицината***

*Модератори: Чарлс Дорн, Флорије Латифи*

- Телемедицинско вмрежување: наука и логистика, презентер д-р Георги Грашчев, директор на Единицата за хируршки истражувања ОП 2000 од Берлин, Германија
- Телемедицина во менаџирањето на елементарни-

те катастрофи од армиска перспектива, презентер д-р Дејвид Лам, Национален научен центар за трауми и итни медицински системи од Мериленд, САД, Истражувачки центар за телемедицина и напредна технологија при Армијата на САД, Мериленд

**Втор ден, 07.02.2009**

***Сесија: Клиника апликативност на телемедицината***

*Модератори: Стеинар Педерсен, Емилија Пемовска*

- Клиничка телемедицина, презентер м-р Чарлс Дорн, експертски истражувач на Универзитетот во Синсинати, САД, главен и одговорен уредник на списанијата телемедицина и Е-здравство
- Телеприсуство и телехирургија, презентер м-р Чарлс Дорн, експертски истражувач на Универзитетот во Синсинати, САД, главен и одговорен уредник на списанијата телемедицина и Е-здравство

***Сесија: Нови хоризонти***

*Модератори: Чарлс Дорн, Ѓорѓи Дамјановски*

- Глобализација на телемедицината: пристап "корен од трева", презентер Френк Ливенс, Меѓународно здружение за телемедицина и е-здравство
- Од нанотехнологија до клиничка примена: иднина на телемедицината, презентер д-р Георги Грашчев, директор на Единицата за хируршки истражувања ОП 2000 од Берлин, Германија

***Сесија: Телемедицината во третманот на хроничните болести***

*Модератори: Рифат Љатифи, Владимир Борозанов*

- Телемедицина во третманот на хроничните болести и дијабетесот, презентер д-р Стеинар Педерсен, основач на Катедрата за телемедицина при Универзитетската болница во Тромс, Норвешка
- Телемедицина во екстремни услови, презентер д-р Рифат Љатифи, професор по клиничка хирургија на Универзитетот во Аризона, директор на Хируршка интензивна нега и директор на телемедицина при Универзитетскиот медицински центар во Туксон, Аризона
- Телемедицина во домашен третман, презентер (преку видео) д-р Ендру Р. Вотсон, професор по хирургија на Универзитетот во Питсбург, директор на програмите за телемедицина на Катедрата за хирургија на Универзитетот во Питсбург
- Телерадиологија и телепатологија, презентер (преку видео) д-р Елизабет Крупински, професор истражувач на Универзитетот во Аризона, САД; Претседател на Американското здружение за телемедицина

***Сесија: Воспоставување на телемедицината во земјите во развој***

*Модератори: Чарлс Дорн, Лулзим Агаи*

- Стопански аспекти на телемедицината, презентер (преку видео) д-р Геил Баркер, помошник раководител на Катедрата за патологија, помошник директор на Програмата за телемедицина на Аризона при Универзитетот во Аризона, САД
- Стратегии за институционализација на телемедицината: како да се постигне стабилна поддршка на телемедицината и услугите поврзани со неа, презентер (преку видео) д-р Роналд Вајнштајн, основач на Програмата за телемедицина на Аризона, САД
- Акционен план за развој на мрежа за телемедицина и активности во регионот, презентер д-р Рифат Љатифи, професор по клиничка хирургија на Универзитетот во Аризона, директор на Хируршка интензивна нега и директор на телемедицина при Универзитетскиот медицински центар во Туксон, Аризона

Семинарот е само дел од глобалната стратегија на Владата на Република Македонија и Министерството за здравство за развој и унапредување на информатичките технологии и осовременување на електронската инфраструктура на здравството во Република Македонија.

Со воведувањето на телемедицината и е-здравството ќе се овозможи користење на интернетот и сателитските врски за лекување со специјалистички третман на болни кои се физички и просторно оддалечени од установата што нуди високи специјалистички услуги, искористување на експертиза на специјалисти од странство, пребарување на медицински бази на податоци од страна на секој здравствен работник, соработка меѓу медицинските капацитети на земјата со истите од регионот и пошироко, од Европа, САД и светот.

*Д-р сци. Бистра Ангеловска*



5% ПОПУСТ
за членовите на фармацевтската комора



TOLTU ул. „Гвадалахара" 6б, 1000 Скопје, тел. 02/2655-655, факс 02/2656-656